Д-р Антоанела ПЕТКОВСКА

# КУЛТУРА - УМЕТНОСТ - ОПШТЕСТВО

Според Ален Финкелкрот „да се говори за културата во множина имено значи да им се одземе можноста на луѓето од различните епохи или оддалечените цивилизации меѓусебно да комуницираат по повод значењата подложни на мислењето и вредностите што се издигаат над кругот во кој се јавиле". Модерната доба ја поддржува и негува реализацијата на идејата наспроти нападите на постмодернизмот, кој иако е несклон кон историцизмот му го остава на човекот правото на избор на вредности, знаења и сензибилитети од севкупниот временски и просторен ареал на културите.

Општествената динамика, технолошкиот развој (пред сé информацискиот бум) на нашата цивилизација и, парадоксално, стравот од егзистенцијална несигурност од најелементарен вид, ги наметнува прашањата за ревитализација на оние придобивки на културата кои во нејзината досегашна историја биле фрлени на маргините на секојдневната животна, општествена пракса. Потребите на денешниот човек, на човештвото воопшто, ставено во ситуација да го брани и заштити (и буквално) своето место во универзумот, одеднаш како да стануваат императив во социокултурното моделирање и како да им се наметнуваат на оние општествени процеси, од економска и политичка природа кои досега се чинеа императивни и пресудни барем за општествените форми кои досега сме ги познавале.

Почитувањата на правата на поединецот како пол, раса, етнос, како носител на богатството на посебностите е веќе прашање на нужност и тоа мошне ургентно прашање, а не само прашање на распределба на моќта или на некоја хуманистичка определба. Не е само идејата туку реалното битие на културниот плурализам ја чини неопходноста од изнаоѓање на модуси за неговото реализирање како фактор на социо-културната интеграција, што е се чини имплицитно на самата суштина на синтагмата.

Тенденцијата за политичка а во голема мерка и административна унификација на Европа како да ја нагласи и осветли

свеста за богатството на културните разлики што постојат и се развиваат во нејзините рамки.

Според Карл Деглер и во САД се повеќе се инсистира на различностите но тоа сознание не се канализира, или не се овозможува нивната реализација во правец на „една сеопфатна историја која ќе ги акцентира идеите и искуствата заеднички на сите Американци, без оглед на нивното потекло, и која ќе ја дефинира културата на Соединетите држави, различна од другите национални култури".

Негувањето на многувидноста и богатството на различните култури, плурализмот на животните опции, на стиловите на постоење, се смета за неодминлива и актуелна претпоставка на човекувањето. Ова не само во насока на потрагата по соодветен културен идентитет и интегритет, туку, како што веќе беше забележано, во смисла на истражување на вистинските средства и начини за задоволување на човековите потреби кои не се подложни на стандардизација и унификација. Така, тука се наметнува и релевантноста на фактот за континуитетот на човековиот род, континуитетот во смисла на постоењето и менувањето на одделни културни концепти и модели респектирајќи ги општествените епохи низ кои тие се манифестираат и кои често ги персонифицираат.

За идејата на културниот плурализам како modus vivendi на рецентната стварност да не се претвори во гол културен релативизам или етноцентризам – за кој сме сведоци дека често резултира во отворен конфликт – се чини дека е неопходно постоењето на некои критериуми кои би биле валидни и осведочени како вредности од општо значење за човековата егзистенција.

Умешноста за изнаоѓање на вакви општочовечки доблести во современата култура очигледно не е едноставна задача, особено кога се има предвид можноста за запаѓање во културен универзализам, како друга крајност во која не помалку е присутна опасноста од етнцентризмот надополнет и со латентно репресивната природа на кутурата врз индивидуалниот идентитет на човекот. Ваков тип на изедначување на потребите и вредностите може да предизвика отпор кон хипокризијата на етаблираните, навидум хуманистички доблести на единствениот културен модел.

Во тој правец размислува и Света Лукиќ, кога вели: „Побогата културна иднина можеме да замислиме само во плуралистички облик во кои културите што ја претставуваат разновидноста на светот доаѓаат во контакт една со друга истовремено чувајќи ја својата оригиналност. Без сомневање, специфичните придонеси на културите ќе добијат по малку хибридна форма, бидејќи традициите се мешаат и се спојуваат; тоа навистина и се случува во сета културна историја. Меѓутоа, поради брзите промени и опасноста од стандардизација би било потребно да се обезбеди новите облици да го сочуваат специфичното и развиеното во секоја култура, наместо она што е елементарно и вообичаено. Културната еволуција е неизбежна: прашање од непроценливо значење е кои елементи треба да се издвојат за таа да биде што поплодоносна".

Она што некои теоретичари на културата го сметаат за круцијален момент на ваквите размислувања (како на пример споменатиот Ален Финклкрот во книгата „Поразот на мислењето") е оној кој укажува на степенот на самоостварувањето на човекот на индивидуално рамниште, а не само во рамките на еден културен модел.

Што се однесува до Македонија, нејзиното тло е историски врзано за присуството и коегзистенцијата на цела низа културни модели што ја чинат и ја дефинираат нејзината специфична и питорескна социо-културна карта. Инкорпорирањето на различните културни црти во многуте историски формирани културни дискурси, социолошки гледано не течело независно од политичките, економските и социјалните околности. Тоа секако важи и за нивоата, начините и пред сé можностите за комуникација меѓу тие култури.

Неопходноста и предноста на основањето на културниот плурализам како кохезивен а не како дезинтегративен фактор или опција на опстојувањето на македонското општество станува, денес, на ова тло, прилично евидентна.

Во изборот помеѓу етничките конфликти (со религиозна, економска и политичка позадина) кои се стварност на многу посткомунистички земји и растечката реалност на расизмот и ксенофобијата на развиениот Запад, а споделувајќи ја на еден или друг начин сличната стварност не е едноставно да се предвидат и превенираат размерите на поразното дејствување на не-

соодветната културна политика и онаа на етничките односи, во која би отсуствувал слухот за сите видови различности.

Повторно, тука и денес се соочуваме (не теоретски, туку практично животно) со проблемот како човековата егзистенција да не се сведе на еден универзален или тоталитарен закон (со сите идеолошки замки кои не ни се непознати од сопствената општествена историја, или со оние на национализмот кои ги констатираме во нашето политичко и културно секојдневие). Или, кои се можностите за градење на социокултурен модел соодветен на настојувањето на различните народи, групи и индивидуи, со слух за традицијата на нивните култури колку и за духот на времето и општествените промени, а истовремено избегнувајќи ги вулгарните генерализации. Се работи за тоа авторитетно да се усвои една космополитска и современа позиција од која би се втурнале кон локалната реланост апсорбирајќи ги спецификите во правец на нивното развивање и јакнење.

Во мноштвото културни елементи (на пр. образованието, науката, религијата, системот на вредности, начинот на живот, менталитетот и сл.), уметноста, чинам се издвојува со сета своја посебност и карактеристичност како мошне релевантен (особено за Македонија), иако навидум посреден извор на сознанија за начините, нивото и квалитетот на комуникацијата и интеграцијата на одделни културни концепти. Согласно, сметам неопходно е да се истражи нејзината улога во реалноста на нашето етничко и културно соживеење.

Во таа смисла би биле релевантни и следниве параметри на социолошката анализа на уметничкото творештво:

1. Утврдување на етно-културниот идентитет на уметничкото творештво;
2. Односот помеѓу традицијата и современиот концепт на културата за културите;
3. Инкорпорираноста на одделните културни модели во етаблираниот културен систем;
4. Предоминацијата на еден културен модел, односно пропулзивната способност на уметноста на секоја етничка група;
5. Улогата и влијанието на културната политика и политичкиот систем воопшто;
6. Местото и улогата на уметничките институции;

7. Влијанието на медиумите за масовна комуникација во презентирањето и вреднувањето на уметничкото творештво;
8. Преферирањето на одделни видови на уметност и припадноста кон посебни етно-културни концепти;
9. Прашањето на митот, типот и архетипот во определен концепт на уметноста, и сл.

Зошто улогата на уметноста е битна одредница на една култура (ова особено важи за Македонија, каде уметничкото творештво често е метафора за нејзиниот културен плурализам) и процесите на нејзината комуникација со друга култура ќе ми помогне да го објаснам прегнантниот и сочен став на Арнолд Хаузер: „Под тоталитетот на животот овде треба да се разбере непосредниот склоп на смисолот и битието во кој човекот е вплетен со сите свои способности и склоности, интереси и стремежи, со сета своја мисла и барања. Таквиот тоталитет во севкупното подрачје на човековата егзистенција се среќава два пати: еднаш во шарениот, матен, неразрешлив комплекс на секојдневната пракса, а вторпат во единечните , хомогени, секогаш на заеднички именител сведени облици на уметноста. Во останатите облици, општествените, моралните и во научните форми на објективизација и организација, животот го губи својот карактер на тоталитет, својата континуирана поврзаност и својата конкретна чувствителност, непосредната и во секоја своја појава незаменлива своевидност... Уметноста го чини супстратот на нормативното естетско однесување само дотогаш додека останува во врска со тоталитетот на конкретниот, практичен неделив живот..."

Во македонската современа уметност, тој сензибилитет за тоталитетот и богатството на секојдневниот живот го следиме на повеќе рамништа: низ користењето на искуствата на многувидните културни традиции; низ обидот за избегнување на идеологизираната униформност; низ специфичното, креативно и автентично усвојување на дострелите и духот на епохата на која и припаѓаме, можеби дури и низ визурата на локалното.

Интересно е дека проблемите на мултикултурната стварност и во рамките на уметничката пракса ја споделуваат како посткомунистичките така и земјите од развиениот западен свет, почнувајќи од манифестациите на културниот етноцентризам, па

сѐ до потрагата на модусите за толеранција и размена на вредностите. И во едниот и во другиот случај причините за ваквата состојба лежат во конкретните и сложени потреби и процеси на нашата епоха, на нашата општестена и културна стварност.

Примерот на уметничкото творештво во Македонија е до толку поинтересен што се работи за подрачје каде во уметноста сме сведоци на влијанието од повеќе култури значајни за територијата на Европа, а посебно за Медитеранот и за Балканот (на пр. античката, хеленистичката, византиската, христијанската и исламската). Модерната и постмодерната доба пак во неа навлегува од Запад, на своевиден начин. Сето ова македонската уметничка пракса ја изнесува од примките на провинцијализмот, а не го обезвреднува и обезбојува специфичниот локален сензибилитет.

Актуелниот момент на македонската уметничка сцена сепак отвора и некои поинакви аспекти, колку и тие да се чинат латентни: имено отпорот на одредени видови на уметничкото творештво и архитектурата кон богатите и на ова тло присутните искуства на Исламот (иако тој во нив навлегува и преку византиските културни доблести); потоа некои обиди, за ако не творечко, тогаш општествено затворање во рамките на сопствените културини средини и сл.

Колку и да се чини наивна и можеби идеолошки обоена идејата за еманципаторската улога на уметноста во постојниот социо-културен дискурс (доколку таа самата може да се еманципира од секојдневниот живот а притоа да не изгуби значаен аспект од својот ентитет), фактот за досега покажаната способност на македонската уметност за апсорпција на искуствата од најразличните културни модели говори за можноста, и наспроти влијанието на останатите општествени институции таа да биде релевантен чинител на културната и општествената интеграција на ова тло, се разбира доколку тоа го чини во духот на својата рафинирана природа.

## Литература:

1. Zigmunt Bauman, “Kultura i društvo”, Prosveta, Beograd, 1984.
2. Pierre Besnard, “L’Animation sociocultrelle”, PUF, Paris, 1985.
3. Sveta Lukić, ”Kulture medu narodima”, Radnicka štampa, Beograd, 1981.
4. Gilo Dorfles, “Pohvala disharmoniji”, Svetovi, Novi Sad, 1991.

5. Don A. Martindal, "Sociological Theory and Problem of Values", Charles E. Merrill Publishing Company, 1974.
6. Hannah Arendt, "Le crise de la culture", Gallimard, 1972.
7. Louis Dollot, "Culture individuelle et culture de mase", PUF, Paris, 1974.
8. Sreten Petrovic, "Estetika i sociologija", Posebno izdanje casopisa "Ideje", PKSSO, Beograd, 1975.
9. Chris Jenks, "Cultural Reproduction", "Chris Jenks", New York, 1993.
10. Celia Lury, "Cultural Rights", John Urry, New York, 1993.
11. Geza Rohajm, "Nastanak i funkcija kulture", BIGZ, Beograd, 1976.
12. "Kulturni pluralizam u Jugoslaviji - Prilog UNESCO-voj studiji" Razvoj kulture u zemljama s više nacija i etnickih grupa", Zavod za proučavanje kulturnog razvitka, Beograd; Zavod za kulturu Hrvatske, Zagreb, 1982.
13. Patrick D'Elme, "Peinture et politique", Maison Maine, France, 1974.
14. Gillo Dorfles, "Ultime tendenze nell'arte d'oggi - Dall'Informale al Postmoderno", Feltrinelli, Milano, 1988.
15. Roger Bastide, "Umjetnost i društvo", Školska knjiga, Zagreb, 1981.
16. Jean Galard, "Mort des beaux-arts", Êditions du Senil, Paris, 1971.
17. Jasenka Kodrnja, "Umjetnik u društvenom kontekstu", Zavod za kulturu Hrvatske, Zagreb, 1985.
18. "Цивилизациите", (Съставители: Проф. д-р Елена Михайловска, Петя Кабакчива), Просвета, София, 1995.
19. "Идеи в културологията" – том 2, (Сътавители: Иван Стефанов и Димитрър Гинев), Университетско издавателство "Св. Климент Охридски", София, 1993.
20. James Heilbrun and Charles M. Gray, "The Economics of Art and Culture-an American Perspective", Cambridge University Press, Cambridge, 1993.
21. Arnold Hauser, "Sociologija umjetnosti", Školska knjiga, Zagreb, 1986.

***Dr. Antoanela Petkovska***

## *Culture - Art - Society*

*Summary*

*The dynamics of social processes and the intensive changes of the contemporary civilisational discourse which deepen in a paradoxical way the existential anxiety impose as urgent the questions related to the wealth of the produced cultural values and their mutual tolerance. In this respect, the phenomenon of cultural pluralism, which allows for the existence of various styles of life and various existential values, represents an opportunity for a new modus vivendi of a socially and culturally disintegrated reality. The anthropological and human habitus of*

*art is undeniable. It is through art that the creative potentials of man are expressed and it is within this domain that they are least limited by the banal social environment. Therefore, it is assumed that art is one of those means of communication which to the highest extent brings together different socio-cultural models.*